ИЗЛОЖБИ

# Поетика на минимализмот

ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ

## ● Кон изложбата „Геометрии“ во Музејот на современата уметност во Скопје

Веќе и по самиот наслов „Геометрии“ може да се заклучи дека се работи за изложба составена од дела со различен пристап во обработката на назначениот ликовен проблем, чии носители се уметници од повеќе југословенски центри. Изложбата се потпира на одделни авторски селекции кои ги земале предвид остварувањата на уметници од помладата и најмлада генерација. На тој начин определен е еден значаен сегмент во најновите струења во југословенската уметност. А геометријата дојде како резултат на реакција на „новата слика“ при што не треба да се заборави дека одделни уметници (пред сè хрватски) направија ненадеен пресврт со определувањето за НЕО–ГЕО(МЕТРИСКИТЕ) струења. Исто така не треба да се исклучат можните влијанија „од страна“ зошто слични појави се регистрирани порано во други европски центри. Секако, треба да се има предвид и фактот дека, во смисла на историски контекст, загрепската средина има најдолга традиција на геометризам во ликовната уметност (ЕХАТ, Новите тенденции). Тоа истовремено значи, а имајќи ја предвид уметничката практика, дека тука не може да се утврди континуитет во геометриските тенденции како впрочем и во другите југословенски средини. Оваа изложба го потврдува мислењето дека во уметноста постојат постојани осцилации меѓу рационалното и нагонското, еволуција или остри свртувања во рамките на едно движење, стил или личност.

Сега интелектуалното го замени страсното, првото дојде како реакција на второто, спекулативното го надвладеа спонтаниот често пати еуфоричен израз. Оваа генера́ција ја осети потребата од промена, свртувајќи се кон јасност, точност, и совладување во изразот. Надвладеа „конструктивната логика“, естетиката на рационалното како коректив на неконтролираната гестуалност. Во изминатата деценија, или време на постмодернизмот во уметноста, се сменуваа бројни стилски и концепциски настојувања и низ потенцираниот индивидуализам се освојуваа некои простори на уметничката слобода. Затоа ќе ни бидат појасни и сегашните струења во кои препознаваме елементи на историската авангарда од почетокот на векот (Маљевич, Мондријан) или пак искуствата и на подоцнежната геометриска апстракција, минимализмот и слично.

Изложените дела покажуваат дека уметниците се свртуваат кон крајно чистиот, редуциран ликовен знак заснован на примарни ликовни елементи. Се јавува наклонетост спрема анализа, создавање своевидна поетика на збиеност и минимализам. На прв поглед станува јасно дека се работи за остварувања кои се резултат на различен уметнички сензибилитет формиран во различни (урбани) средини кои имаат сопствена историја и традиција. Во таа смисла групата хрватски автори ни се покажува како најнапредната, најхомогена во технички, стилски и вредносен поглед. Исто така, овие концепциски пречистени дела ни ја откриваат и својата друга страна: дизајнирани форми (често пати со белези на обликувано платно, слики – плошни објекти во метал или дрвени плочи итн.) со декоративни хроматски ефекти и посебен осет за просторно распоредување (покрај ѕидот најчесто). Во таа смисла би ги спомнал делата на Едита Шуберт, Нина Иванчиќ, Дамир Сокиќ, Горан Петерцол, Даривој Чада, Зоран Гребснаровиќ. Посебно би го издвоил Вербумпрограм со строгиот концепт, трансформацијата на правоаголна форма пренесена системски на платно, во графичка техника и објект. Душан Јуриќ се издвојува по извесните асоцијативни содржини во своите дела, пренесени во еден вид на геометриски тотемски ликови. Би ги споменал и малите „бели конструкции“ врз белата ѕидна површина на Адемир Араповиќ, а сродни настојувања се забележуваат во делата на Емир Тулек и Смиља Кудиќ.

Скулптурата на Срѓан Апостоловиќ делува незавршено и не толку уверливо од аспект на геометрија, додека скулптурата на Рене Русјан е интересна како комбинација на правилни форми на метал и природните форми на компактниот јаглен. Тие се поставени како групација на елементи во простор. Јоже Барши е поблизок до геометризмот со строгото распоредување на металните коцки на дрвени „сталажи“ и во просторот пред нив. Тоа се облици „доволни на самите себе“, испразнети од асоцијации и симболизам. Интерес за просторно артикулирање на разновидни објекти (или предмети), како и за еден вид „ментална геометрија“ докажува и Роман Макше. Тој всушност извршува сценографична амбиентација на елементи, на некој начин создава некомуникативни „метафори на отуѓеноста“. Комбинацијата на дрво и метал повторно не потсетува на двојноста природно техничко, урамнотежени во својот контраст. Присутноста на Станко Павлески и Јован Шумковски и ја обезбедува на изложбата извесната продлабочена хумана содржина во рамките на одредениот вид геометрија. Првиот со своите архитектонски решени објекти кои делуваат како своевидни „технички тотеми“ или пак необични реликвијарни предмети, а вториот со отворените релјефни структури кои сугерираат интимизиран дел од куќа и слично. Геометријата е во извесниот конструктивизам на овие објекти.

За изложбата во Скопје нема каталог (а таа треба да се пренесе и во другите југословенски центри), така што не можеме да дознаеме нешто повеќе за работата, намерите и степенот на координација меѓу организаторите. Така, со право можеме да прашаме каде се делата на еден Благоја Маневски или пак Славчо Соколовски. Покрај тоа треба да се каже дека пред неколку години беше направена изложба на геометризмот во Југославија во Апатин, како и во други градови во рамките на национални селекции.

Нова Македонија - Сабота - 12 · V · 1990